РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-77/1
26.12. 2023 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ

I. Административните службеници Марија Трпчевска Блажевска на работно место - психолог и Елена Дракуловска Шоповски на работно место – секретар, се определуваат за службени лица за посредување со информации од јавен карактер.

II. Службените лица се должни да ја водат и имплементираат постапката по примените барања за пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што:

- контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чување и давање на информациите;
- во соработка со останатите вработени спроведува тест на штетност како задолжителна постапка пред да одбие пристап до барана информација, согласно член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата или со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата;
- носи решение за отфрлање на барање кое не е дополнето согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- носи решение со кое позитивно одговара на барањето или барањето делумно или целосно го одбива, согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. Службените лица се должни редовно да ја водат и ажурираат листата на информации со кои располага имателот на информации и истата да ја објави на соодветен начин, достапен на јавноста (интернет страница, огласна табла и друго)

IV. Службените лица подготвуваат Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот задолжително го доставуваат до Агенцијата за заштита на правото на слободен печат до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари во тековната година за предходната година и превзема неопходни дејствија за објавување на истата веб страница на oukolenedelkovski.edu.mk.

Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.

V. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува на важи Решението со број 03 – 220/1 од 19.05.2022 година.

Директор

Светлана Масларевска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Доставено до:

- Именуваните лица
- Архива
- Персонално досие